**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-335/9**

**Скопје, 09.08.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Град Скопје – Електронска општина Скопје, за 2005 година кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на Единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај, за финансиските извештаи на Град Скопје – Електронска општина Скопје, за 2004 година во кој е изразено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Ристо Пенов – Градоначалник на Град Скопје до 13.04.2005 година;
- Трифун Костовски - Градоначалник на Град Скопје од 14.04.2005 година
- Вида Трајковски – Директор на Заводот за информационен систем на Град Скопје и координатор на проектот.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 03.05.2006 година до 05.05.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

***Ул:„Маршал Тито“бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

***Овластен државен ревизор***

_______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Град Скопје – Електронска општина на ден 31 Декември 2005 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење кај Град Скопје – Електронска општина Скопје, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 07.08.2006 година** **Овластен државен ревизор**

## ГРАД СКОПЈЕ - ЕЛЕКТРОНСКА ОПШТИНА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 3 | 4 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 1,435 | 2,572 |
| **Вкупно приходи** | | **1,438** | **2,576** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.1.1. | 183 | 1,168 |
| Субвенции и трансфери | | | 98 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **183** | **1,266** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 24 | 773 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **24** | **773** |
| **Вкупно расходи** | | **207** | **2,039** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **1,231** | **537** |

**ГРАД СКОПЈЕ - ЕЛЕКТРОНСКА ОПШТИНА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12. 2005**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,231 | 537 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 152 | 319 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,383** | **856** |
| **Вкупна актива** | | **1,383** | **856** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 152 | 319 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 1,231 | 537 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,383** | **856** |
| **Вкупна пасива** | | **1,383** | **856** |